РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 04-5605/1
20-09-2018 20 год.
СКОПЈЕ

СКАОП 934

Врз основа на член 7 став (1) од Правилник за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили бр.01-4001/1 од 06.08.2014 година и Правилник за дополнување на Правилникот за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили за бр.01-1187/1 од 16.02.2015 година, министерката за одбрана распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

**ЗА УПАТУВАЊЕ НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО НА ДВЕ РАБОТНИ МЕСТА СОВЕТНИК ЗА ОДБРАНБЕНИ ПРАШАЊА – ПЛАНИРАЊЕ НА ОДБРАНА НА МИСИЈАТА НА РМ ПРИ НАТО ВО БРИСЕЛ, КРАЛСТВО БЕЛГИЈА**

1. Се распишува интерен оглас за избор и упатување на работа во странство на работно место советник за одбранбени прашања-планирање на одбрана на Мисијата на РМ при НАТО во Брисел, Кралство Белгија. Советникот учествува во сите активности поврзани со планирање на одбраната, вклучувајќи го и ПАРП-от, следење на зајакнатото и пооперативно партнерство во сите негови сегменти за период до 4 години.

2. За работните места од точката 1 на овој оглас, кандидатите треба да ги исполнат следните услови:

- да се административни службеници;
- активно да го познаваат англискиот јазик на ниво ALCPT (најмалку 80 поени), NATO STANAG 6001 (3333), ЦАЕ (CAE), ИЕЛСТ ( IELST), ТОЕФЕЛ (TOEFEL), ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFEL CBT), ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFEL IBT) или друг меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик издаден од европски или глобален јазичен тестатор, со ниво на познавање еквивалентно на Б1 (B1) ниво на ЦЕФР (CERF);
- да имаат завршено високо образование од областа на општествените науки;
- пред упатувањето да поседуваат безбедносен сертификат најмалку „строго доверливо“ (NATO/EU Secret);
- пред првото упатување на работа во странство да поминале на работа во Министерството/Армијата најмалку 2 години;
- да бидат оценети најмалку со службена оценка „се истакнува“ последната година;
- да имаат општа здравствена и психофизичка способност, која ќе ја потврдат со лекарско уверение не постаро од една година, односно со важечки документ за извршен

систематски преглед од тековната или претходната година, издаден од Воено медицинскиот центар;

- на денот на објавување на огласот за упатување да поминале најмалку 24 месеци од денот на завршување на претходниот мандат при повторно упатување.

3. За предност на кандидатите ќе се смета доколку:

- го познаваат јазикот на земјата домаќин во која се упатуваат на работа;
- имаат работно искуство на работи и задачи односно должности од областа во која се упатуваат на работата во странство;

4. Кандидатите кои ќе бидат избрани за работното место од Огласот ќе треба да одговорат на следните работни задачи:

- да го претставуваат Министерството за одбрана во клучните комитети во ЕАПС/ПзМ формат и остварува непосредни консултации со претставниците на НАТО и ПзМ земјите и НАТО службите;
- да ја претставуваат Република Македонија во Политичко-Воен Управен Комитет (ПВУК) во ПзМ формат;
- да учествуваат во сите активности поврзани со Процесот на планирање и анализа (ПАРП);
- да го следат зајакнатото и пооперативно партнерство (ЕМОП) во сите негови сегменти: ПМФ- политичко-воената рамка, ОСС, ТЕЕР, РСС, PAP-T, PAP-DIB и друго;
- да даваат поддршка на работата во Политичката координативна група (ПЦГ) во СФОР/КФОР/ИСАФ формат;
- да ја претставуваат РМ во Комитетот за планирање на одбраната;
- да го менуваат советникот - одговорен на одбранбената секција во негово отсуство;

5. Огласот **да се објави на ден** 20.09 2018 година во ________ часот со истакнување на огласната табла на Министерството за одбрана, достави до сите организациони единици на Министерството, до командите и единиците на Армијата на Република Македонија и објави на веб страната на Министерството за одбрана.

6. Рокот за пријавување на кандидатите е **десет работни дена** од денот на објавување на огласот.

7. Кандидатите со пријавата лично до деловодството на Министерството за одбрана или по пошта како препорачана пратка до Министерството треба да достават:

- биографија со сите должности и обуки;
- мотивационо писмо;

- лекарско уверение не постаро од една година, односно важечки документ за извршен систематски преглед од тековната или претходната година, издаден од Воено медицинскиот центар;

- уверение за познавање на англиски јазик наведено во точка 2 алинеја 2.

8. Пред упатувањето, кандидатите мора да доставаат валиден сертификат за познавање на англиски јазик STANAG 6001 (3333).

9. Пријавите по огласот се собираат во Секторот за човечки ресурси, кој заедно со Секторот за меѓународна соработка обезбедува услови за работа на Комисијата за спроведување на постапката по огласот.

10. Постапката по огласот ја спроведува Комисија за спроведување на постапка по интерен оглас за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили формирана од страна на министерката за одбрана со решение бр.02-4938/13 од 05.09.2018 година.

11. Некомплетните и ненавремено доставените документи по огласот нема да бидат разгледувани.

12. Одлуката за избор на лице за упатување на работа во странство по објавениот оглас се објавува на огласната табла во Министерството за одбрана, на веб страната на Министерството и се доставува до организационите единици во Министерството и до командите и единиците на Армијата.

Изработил: Тони Костески
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: Васил Зимбаков
полковник Марјан Јачевски
Одобрил: Драган Николиќ

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
**Радмила Шекеринска - Јанковска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА III СКОПЈЕ

Доставено до:
- Кабинетот на министерката за одбрана;
- Заменик министер;
- Кабинет на НГШ (командите и единиците на АРМ);
- Државен секретар;
- Сите организациони единици во МО;
- Воената академија;
- Архива.